Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 мај 2000 година.

Број 07-2187/1
23 мај 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Илјаз Халими,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ("Службен весник на Република Македонија број 36/92) во членот 2 став 3 зборовите: „договор за користење на стан“ се заменуваат со зборовите: „договор за закуп“.

Член 2

Членот 8 се менува и гласи:

„Граѓанинот кој има намера привремено да престојува во странство од три месеци до една година или да биде на привремена работа во странство повеќе од една година, должен е непосредно пред заминувањето да го пријави одењето во странство кај надлежниот орган во местото на живеалиштето, или на граничниот премин, или непосредно по заминувањето во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во таа земја, односно во рок од три дена да го пријави враќањето во живеалиштето на Република Македонија.

Во случајот од став 1 на овој член, граѓанинот е должен да ги пријави и малолетните деца кои патуваат со него.

За граѓаните кои не го пријавиле заминувањето во странство подолго од три месеци, надлежниот орган по службена должност ќе врши евидентирање.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.